Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 09-24/6
14. 03. 2022 год
Новаци

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Советот на Општина Новаци,** на ден _______2022., донесе:

**П Р Е Д Л О Г**

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци – вон град, Општина Новаци** кој се носи согласно со Законот за урбанистичко планирање **потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци** - **www.opstinanovaci.gov.mk**

3.Членот 65 став (2) од Законот за животната средина предвидува дека Стратегиска оцена се спроведува на плански документи од повеќе области со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина, а во предметниот плански документ се создава основа за изведување на индустриски капацитети со намена Г3, Г4 и Г5, како компатибилни намени со застапеност до 49% кои можат да бидат потенцијални загадувачи.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.__________
Н о в а ц и

**Име и презиме**
__________ **с.р.**
**Стевче Стевановски**
**Градоначалник**

Република Северна Македонија Општина Новаци Новаци

**Изготвил,**
______________________
**Лиљана Најдовска, диа**